# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ
## За период Јануари - Јуни 2015 година

Алкалоид АД Скопје за периодот Јануари - Јуни 2015 оствари позитивни финансиски резултати искажани во неревидираните единечен и консолидиран Биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2015 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Алкалоид АД Скопје.

**Вкупни приходи**

Остварените единечни вкупни приходи во периодот Јануари - Јуни 2015 година изнесуваат 3.200.122 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2014 година бележат пораст од 5%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 96%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2014 година бележат пораст од 3%.

Остварените консолидирани вкупни приходи во периодот Јануари - Јуни 2015 година изнесуваат 4.243.035 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2014 година бележат пораст од 10%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 95%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2014 година бележат пораст од 9%.

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во периодот Јануари - Јуни 2015 година изнесуваат 2.844.721 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2014 година бележат пораст од 5%.

Остварените консолидирани вкупни расходи во периодот Јануари - Јуни 2015 година изнесуваат 3.885.551 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2014 година бележат пораст од 10%.

**Дивиденда**

На 6 април 2015 година на Годишното собрание на акционерите е одобрена пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2014 година во износ од 300.584 илјади денари односно 210 денари бруто за една акција. Исплатената нето дивиденда за 2014 година изнесува 189 денари за една акција.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот Јануари - Јуни 2015 година изнесуваат 422.120 илјади денари.

**Обврски по кредити**

Вкупните консолидирани обврски по кредити на 30.06.2015 година изнесуваат 490.052 илјади денари и во споредба со состојбата на 30.06.2014 година бележат намалување од 24%.

**Нови вработувања**

Во периодот Јануари - Јуни 2015 година во Алкалоид се реализирани 56 нови вработувања во Република Македонија.

### Поважни позиции од билансот на успех

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот Јануари - Јуни 2015 година, структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следните табели:

**Единечни продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2015 | | 2014 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **15/14** |
| Домашен пазар | 1.195.445 | 39 | 1.176.529 | 40 | 102 |
| Странски пазар | 1.872.866 | 61 | 1.796.247 | 60 | 104 |
| **Вкупно:** | **3.068.311** | **100** | **2.972.776** | **100** | **103** |

**Консолидирани продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2015 | | 2014 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **15/14** |
| Домашен пазар | 1.627.448 | 40 | 1.613.532 | 43 | 101 |
| Странски пазар | 2.422.102 | 60 | 2.108.499 | 57 | 115 |
| **Вкупно:** | **4.049.550** | **100** | **3.722.031** | **100** | **109** |

**Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)**

(Во 000 Ден)

| | 2015 | | 2014 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **15/14** |
| Единечна ЕБИТДА | 537.385 | 18 | 499.919 | 17 | 107 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 554.297 | 14 | 510.117 | 14 | 109 |

**Нето добивка**

(Во 000 Ден)

| | 2015 | | 2014 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **15/14** |
| Единечна Нето добивка | 313.441 | 10 | 304.417 | 10 | 103 |
| Консолидирана Нето добивка | 301.272 | 7 | 286.997 | 8 | 105 |